Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 112, 5 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област трасфузиологија Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за зизбор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно - научната област механика на карпи и тлото на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 56

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето редовен професор за наставно-научната област физика и физика на кондензирана материја на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 93

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии“ (скрипта) од авторот д-р Стеван Габер, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 117

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Осигурување” од авторите: проф. д-р Ристо Фотов Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и м-р Катерина Фотова, НЛБ-Тутунска банка ад Скопје ........ 121

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Проектен менаџмент“ од доц. д-р Мишко Џидров и асс. м-р Емилија Ристова од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 124

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Интернет технологии“ од авторот доц. д-р Наташа Коцеска од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 126

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 128

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОСИГУРУВАЊЕ” ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р РИСТО ФОТОВ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП И М-Р КАТЕРИНА ФОТОВА, НЛБ-ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1702-206/10 од 22.8.2013 од 58. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 21.8.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Трајче Мицески, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- проф. д-р Ристе Темјановски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ОСИГУРУВАЊЕ**” од **авторите: проф. д-р Ристо Фотов и м-р Катерина Фотова,** наменет за студентите од прв циклус студии при Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Извештајот на рецензијата може да изнесува најмногу 10 (десет) пишани А4 формат страници со нормален проред. Рецензијата треба да ги содржи следниве податоци:

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на предметот: „ОСИГУРУВАЊЕ», од седми семестар во четврта студиска година со неделен фонд на часови 3+1. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма предвидена за овој предмет во четврта година на Економскиот факултет во Штип, за насоката Финансиски менаџмент. Тоа значи дека предложениот ракопис ја опфаќа наставната програма по наведениот предмет.

**Податоци за обемот ракописот:** 430 страници, број на прилози, Б5 формат, обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „ОСИГУРУВАЊЕ“ претставува второ изменето и дополнето издание на учебникот издаден уште во 2006 година од авторот Ристо Фотов, при првиот приватен универзитет Европски универзитет-Скопје. Новото изменето и дополнето издание претставува дополнување и како таков ги задоволува барањата на наставната материја.

**Краток опис на содржината:** Трудот е систематски и логички подреден во четири дела. Во првиот дел се разгледува поимот за осигурување, во рамките на кое се разработуваат прашањата: значење, поим и дефиниција на осигурувањето, функции на осигурувањето, елементите на осигурувањето: ризик, оценка на ризик, методите на проценка на ризик, единствен ризик и одвоен ризик кај осигурување од пожар, видови категории на ризици, осигурување на имот, класа на заштитни мерки**,** градежна категорија**,** предмет на осигурување**,** премија на осигурување, фактори кои ја детерминираат премијата за осигурување**,** класа на опасност, сума на осигурување**,** сума на осигурување и вредноста на осигурениот предмет, надосигурување, двојно и повеќекратно осигурување, подосигурување, модалитети на осигурителни покритија, потоа осигурен случај, резерви на сигурност, документи во осигурувањето, надомест на штета, видови на осигурување, осигурување на имоти (неживотно осигурување) и осигурување живот. Во овој дел, исто така, се посветува посебно внимание и на управување со осигурувањето, примена на

маркетинг во осигурување. Заокружувајќи го овој дел со штетите и нивно дефинирање, извид, процена и ликвидација на штети, дефинирање на елементи за одредување на тотални и делумни штети, определување на начин на утврдување на висината на штетата, имајќи ги предвид особено параметрите што се минусираат при конечното одредување на висината на штетата односно оштетата како амортизацијата и остатокот на вредност на оштетениот осигурен предмет и др.

Вториот дел третира прашањата на средствата на осигурувањето и фондовите на осигурување, преносни премии, резервирани штети, математичка резерва кај осигурување живот, пласирање на средствата на осигурување, специфичности кај вложувањата на средствата на осигурување од што зависи и стабилноста и функционирањето на дејноста осигурување како гаранција за осигурените.

Третиот дел е посветен на разгледување и објаснување на прашањата на потребно ниво на маргина на солвентност, метод на премиска основа, метод на основа на штети, технички резултат, потоа провизиите во осигурувањето, како и противпожарен придонес, трошоци на вложувањата, даночен третман на осигурувањето, разгледување за основни финансиски извештаи на друштвата за осигурување: биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричните текови и извештај за промените на капиталот.

Четвртиот дел е посветен на соосигурувањето и реосигурувањето во кој посебно се задржува објаснување на: поим за соосигурување и реосигурување, соосигурување- поим и значење како и на видовите на соосигурувања, реосигурување- поделба на реосигурувањето на активно реосигурување и пасивно реосигурување, посветуваме внимание на организацијата на реосигурувањето како и разгледување и попрецизно дефинирање на основните поими во реосигурувањето: самопридржување, ММШ (PML), лимит, провизија, профитна провизија, потоа давање објаснување за основна документација во реосигурувањето, примена на клаузули во договорите за реосигурување. Особено внимание во овој дел се посветува на видовите на договорите за реосигурување: квотно реосигурување и начинот на пресметка на премија кај овој вид договор за реосигурување, ексцедентно реосигурување и формирање на лимит кај ексцедентниот договор за реосигурување, недостатоците на ексцедентниот договор за реосигурување. Кога се зборува за договорите за реосигурување практиката познава договори за реосигурување и според критериумот масовност, па во тие рамки се разгледуваат: поединечни (факултативни) договори за реосигурување, рамковни (генерални) договори за реосигурување и опциони договори за реосигурување. Во овој дел од трудот се посветува внимание и на непропорционалните договори за реосигурување кои во реосигурителната практика се среќаваат особено следните:

1. договор за реосигурување вишок на штети;
2. договор за реосигурување на основа на вишок на загуби (“stop loss”).

Во контекст на третирање на поими и прашања од реосигурување во овој дел од трудот се објаснуваат поимите: премија за реосигурување, минимална и депозитна премија за реосигурување, депозитна премија за реосигурување, фиксна премија за реосигурување, како и табели за максимално покритие и сл.

## З А К Л У Ч О К

Трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да го користат студентите и сите кои работат на проблематика која е блиска со осигурување. Учебникот ОСИГУРУВАЊЕ претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чијашто примена овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност нудење решенија за прашања со кои се среќаваат осигурителните друштва било да станува збор во аквизитерскиот или во секторот на процена и ликвидација на штети.

Во разработка на поставените теми во трудот, авторите со прилично грижлив однос пристапуваат кон компонирањето на содржината и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена прецизност ги изведува и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањата во оваа област.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

Поради ова со големо задоволство препорачуваме истиот да биде објавен како основен учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Трајче Мицески, с.р.**
**Проф. д-р Ристе Темјановски, с.р.**

*Рецензијата ја подготвуваат најмалку двајца наставници од потесната научна област од која е ракописот (учебник, скрипта или учебно помагало). Рецензентите ги избира наставно-научниот совет на факултетот. Ако рецензентите во рок од 3 (три) месеци не ја поднесат рецензијата, наставно-научниот совет на факултетот, избира други рецензенти, при што не може да остане член од првобитниот состав. Рецензиите за ракописот се објавуваат во Универзитетски билтен.